Душан Ристевски

КАМЕНОТ ОД РОБИ

(МОНОДРАМА)

DUSHAN RISTEVSKI

THE STONE OF ROBI

(MONODRAMA)

70 години од егзодусот на Македонците
од поробениот егејски дел на Македонија

Душан Ристевски

КАМЕНОТ ОД РОБИ

(МОНОДРАМА ПОСВЕТЕНА НА ДЕЦАТА
ИЗБРКАНИ ОД МАКЕДОНИЈА)

70 years from the exodus of Macedonians
from the Greek occupied Macedonia

DUSHAN RISTEVSKI

THE STONE OF ROBI

(MONODRAMA DEDICATED TO THE
MACEDONIAN REFUGEE CHILDREN)

40 години промовирање на македонскиот јазик и литература
40 years of promoting Macedonian language and literature

AUSTRALIAN MACEDONIAN THEATRE OF SYDNEY

11 години промовирање на македонска театарска уметност
11 years of promoting Macedonian art and theatre

Душан Ристевски
КАМЕНОТ ОД РОБИ
(Монодрама)

Издава Македонското литературно друштво „Григор Прличев“
P.O. Box 227 Rockdale NSW 2216 – Australia

Март 2018

Издавањето финансиски е помогнато од
Австралиско- македонскиот театар од Сиднеј

Рецензент: Трајче Кацаров
Корица: Тони Наумовски и Александар Донски
Технички уредник: Александар Донски
Фотографии: Тони Наумовски и Џорџ Коматас

***

Dushan Ristevski
THE STONE OF ROBI
(Monodrama)

Published by the Macedonian Literary Association “Grigor Prlichev”
P.O. Box 227 Rockdale NSW 2216 – Australia

March 2018

Publication financed by Australian Macedonian Theatre of Sydney

Reviewer: Trajce Kacarov
Cover designed: Tony Naumovski and Aleksandar Donski
Technical Editor: Aleksandar Donski
Photographs by Tony Naumovski and George Komatas

* * *

Copyright by Dushan Ristevski
National Library of Australia card number and
ISBN 978 0 9876019 9 5

СОДРЖИНА - CONTENTS

КАМЕНОТ ОД РОБИ (монодрама) 5

КАМЕНОТ ОД РОБИ (монодрама на леронски дијалект) 17

THE STONE OF ROBI (monodrama) 29

Доц. М-р Трајче Кацаров: ПАЉА МАКЕДОНКА 45

Trajce Kacarov, MA: PALJA – MACEDONIAN 49

Ристо Стефов: ЕГЗОДУСОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ДЕЦА ОД ПОРОБЕНИОТ ЕГЕЈСКИ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА 53

Risto Stefov: EXPULSION OF THE MACEDONIAN CHILDREN FROM GREEK OCCUPIED MACEDONIA 59

Средба 63

Reunion 64

Егејот во мене 65

Aegean Macedonia in me 66

Биографија на Душан Ристевски /Biography of Dushan Ristevski 67

AUSTRALIAN MACEDONIAN
THEATRE OF SYDNEY

КАМЕНОТ ОД РОБИ

(Монодрама)

На Павлина Монтишева од
с. Роби, Леринско - Македонија и
на сите деца бегалци (избркани)
од поробена Егејска Македонија

(Павлина, 85 годишна жена, со бавни чекори се доближува до портичето на својата куќа во Роби, преку кое за последен пат излезе на својата 15 годишна возраст во 1948 година. Возбудено се загледува и ги одмерува сите детали на нејзината куќа, солзи ѝ навираат на очите (солзи се тркалаат по образите), ја ниша главата и длабоко издишува. Се обидува да го отвори портето, но тоа е затворено. Го затресува и тоа со крцкање се отвора. Седнува до него. Неколку пати го отвора и затвора – слушајќи го звукот, се возбудува од „песната“на крцкањето на портето)

ПАВЛИНА: (*Возбудено*) Ехе... го препознавам крцкањето... како дете, се сеќавам кога се крлавме и се бесевме на рачката од портето..., а мајка само нè караше... да не го скршиме... исто крцкање, иста песна... Патот ме донесе пак тука, ме донесе назад, повторно да си ја одживеам младоста... која овде ми беше украдена. Се сеќавам, татко (*се прекрстува*) лесна да му е земјата, татко секогаш ми велеше кога го прашевме граот и мисерката: Паљо, не се мачи, пирејот никогаш не можеш да го искорениш... ти го ископуваш, а тој уште повеќе расти... (*шепоти*) Македонците се како пирејот – троската, никогаш нема да можат да нè сотрат.

Ете дојдов. Сонот ми се исполни, да си ја погалам вратата и кваката која секој ден ја отворав и затворав, ќе ги искачам пак скалината... од камарата да ги соберам јајцата, да ја загреам фурната и да испечам мисерник... ах што убаво ќе замириса куќава...

(Ненадејно, се сепнува. Од куќата излегува низок и дебел човек со засукани мустаци – застанува над Павлина)

Види го па овој, како ѓаолот да излегол од под земја.

(Гласот на Гркот ја распорува тишината како гром од ведро небо и го скаменува срцето на Павлина)

ГРКОТ: (*На грчки*) Ти телис? (Што бараш?) Пја и се? (Која си?)

ПАВЛИНА: (*Се исправа*) Јас сум Павлина, на Мунтишови...дојдов... дојдов да си ја видам мојата куќа.

ГРКОТ: (*На грчки - одмавнува со раката*) Февга! Февга! (Бегај!). (*Се чука по градите*) Ди кому! Ди кому! (Моја! Моја!) Февга! (Бегај!)

ПАВЛИНА: (*Збунето*) Ах! Дојдов да му дам малку војца на дабот... оној онде во дворот... се исушил завалијата.

ГРКОТ: Фиге, та се дагоси о скилос! (Бегај, кучето - ќе те удави!)

ПАВЛИНА: Не ме плаши песот шарпланински, не! Гледам си го научил по грчки да лафи. Ама ако, и тој како мене е запоен со македонско млеко. Тој само вие од жал, ама нема да ме касне. Двајцата ние жедта ја гаснеме од истиот бунар.

Доаѓам од далечен пат. Дај ми барем вода да се напијам од бунарот, прашината да ја измијам...

ГРКОТ: Охи! Февга! (Не! Бегај!)

ПАВЛИНА: Море синко, ти си чужд, наш јазик не лафиш. Што бараш овде? Од каде си дошол да ми го гадиш дворот. Ти си сигурно Просвигес – (Просвиг). Што не си се вратиш од каде што си дошол, во Турција – од таа џенемијата каде си се родил? (*Ја ниша главата*). Ама не бегаш ти од овде! Во лојот си паднал. За бадијала ти се дало. Она што ние со татко и мајка го печалевме и го гледавме како очите...
А камењата на куќата се збрани по патојте каде фалангата на Александар поминваше.

(Гркот се сврtува да си оди, пцуе нешто во себе и плука на страна, упатувајќи се кон куќата)

Не бегај! Зошто се пениш во устата, небаре си каснал пелин или те каснала лута змија. (*Му довикува на грчки*) Ела! Ела его! (Дојди! Дојди овде!), Дојди да видиш нешто.

(Гркот подзастанува и со колебање несигурно се враќа назад. Павлина го вади камчето од скутникот)

Види, види го моето камче, уште е кафеаво од кафтиците што ги кршев, овде пред прагот... Што! Не ме разбираш? Не зборуваш „варварски“, а!? Лафам по македонски јазик, пишувам по кирилица на онаа истата азбука што ја создадоа учениците на браќата Кирил и Методиј – солуњаните, од нашиот Солун. Ништо ти не знаеш од тоа... или се преправаш дека не знаеш. Ни ги сменивте имињата како и

што ги прекрстивте сите села и градови, па дури и црквите, манастирите, дури и гробните плочи ги искршивте...сè што е македонско сотревте.
Како дете паметам, јазикот ни беше врзан: со шепот се пееше на свадби, а приказните заспивни се кажуваа со неми усти. Замисли, заспивни приказни со неми усти, но јазикот наш македонски ни беше во мислите и срцата – така се разбиравме, сè дури мислата ни беше слободна и срцето ни чукаше, ги слушавме приказните и песните. Мајка ми велеше: Чупо! Во Турско ни беше полесно... тогаш имавме цркви и јазик, а сега ништо... овие Грчиштата се поклети дури од Турците.

ГРКОТ: Кутос исе! (Ти си будала!)

(*Ја фаќа Павлина за рамото, ја потурнува и седнува на скалите пред портето*)

ПАВЛИНА: Значи ме разбра! Што стоиш како некое нечовечко здание? Од која нација и да си или од која напаст и да си, дај остави ме да си ја видам куќата и тука да си умрам... Таа е клетвата што си ја носам. Остави ме да си запалам свеќа на гробот на мајка и татко, за нивните измачени души. Татко го мачеа во логорот на Лимнос, таму беше со години и му ја колваа душата. Кога се врати, ни умен ни будала – му го исушија мозокот, завалијата. Дозволи ми да запалам свеќа за мојот брат Цветко кој загина на 19 години некаде на Вичо или Грамос...(*покажува со бастунот*) Ене онаму го опраа... душата сигурно уште му

талка меѓу дабовите лисја. Многу наши деца загинаа... млади како росни цветови.
Во војната, смртта демнеше над нас. Грчките аероплани фрлаа бомби, виеја како некои волци пред да го замолкнат плачот на децата и мајките. Насекаде прашина и крв, пот и смрт, плач исполнет со последни издишки и недоречени желби, крв и барут помешан со смрт. Јас ронев јадри солзи а мајка ги голташе. Плачев со молк кога се разделувавме. Мислев ќе се вратам следниот ден. Нема избор, мајка рече. „Татко ти е во логорот на Лимнос и кој знае дали некогаш ќе се врати. Бате Јоше замина за Хрватска, а бате Цветко е на Грамос отиде да се бие. Јас ќе останам со Јордана треба да се породи, а ти и сестра ти Фотија ќе одите преку граница. Кога ќе заврши бојот ќе дојдам да ве земам“. Ах! Бебето прво дојде или пак бојот замре, не знам, но мајка назад не ме зеде. „Јас ли мајко треба да сум жртва за бебето што доаѓа?“. „Ти си голема“, ми рече, а јас одвај имав 15 години, а Фотија ближеше 14. „Пази ја Фотија!“, ми рече. Со себе ја зедов бовчата, а камчето го ставив во пазувата, ја наведнав главата да си ги покријам навлажнетите очи и зачекорив во ноќта кон планината. Мајка ми довикна: „Паљо, Паљо, зошто ти е камчето?“ Јас како да не ја слушнав, се изгубив во чекорите и прашината зад другите деца. А камчето ми требаше, кафтици и лешници да си кршам... си го чував надвор до прагот... (*Покажува со бастунот кон куќата*) Ене таму до прагот го криев, таму го криев и дрвеното крсте што дедо ми го делкаше за мене, чунки

мислев дека тоа ќе ја штити куќата од ѓаволите и вештерките.
Цела ноќ одевме, се качувавме на планината... селото некаде далеку лежеше под пепелта и маглата. Кога осамна видов цела колона боси деца пред нас – до бескрај се вијулеше околу планината. Помалите деца кога видоа дека не се со мајките, зацимолија, но им беше речено да не плачат оти „дамлата грчка“ ќе ги земе. Некои офкаа, нозете им се грчеа, па застанавме покрај еден поток покриен со букова шума да си ја згаснеме жедта. Ни наредија да не зборуваме оти ветерот ќе не издаде, божем гласовите ќе стигнеле до монархо-фашистите. Ние децата, се оладивме и полегнавме како некои јагненца на меката трева, а постарите жени почнаа да пеат заспивни песни, да не ги изумат или да им испратат пораки до нивните мајки, за да не ги забораваат, а и на портите да не чекаат. Грчките аероплани нè насетија и зафрчија бомби, ти се чини како некоја ламја да ги блуеше. Врескотниците на децата беа посилни од татнежот на бомбите. Сите се туткавме околу камењата како тие да беа нашите мајки и татковци.
Ене онаму во шумата покрај реката беше тоа (*покажува со бастунот и продолжува*). Наеднаш аеропланите ги снема. Некаде и под покривот на чадот од барутот кој нè душеше завладеа офкање и стенкање, а некаде и плач. Си го опипав по телото, а го опипав и телото на сестра ми – немаше никаде крв и си реков, ете камчето нè спаси, камчето кое го чуваше крстот во sидот до прагот на куќата. Мојата другарка Тронда ја здогледав како лежи

беспомошно покрај водата....се тресеше како некој лист, некаков студ ја имаше обземено. „Тронда! Тронде!“, ѝ довикнав. Кошулата бела под градите целата ѝ беше крвјосана, а таа со прстот го затнуваше дупчето да не блика крвта. „Вода! Дајте ѝ вода!“, извикав... но една постара жена ме прекори: „Ќерко, немој... водата целата е крвјосана...“ „Камчето, на ти го камчето“, реков.... Тоа ќе ја сопре крвта. Го ставив камчето на дупчето... Крвта замре. Само се слушаше жуборењето на поточето. Нејзиниот милозлив поглед како да ги броеше лисјата на буките... насмевка ѝ зрачеше на лицето... како да немаше повеќе болка... камчето ја смири. Постарата жена рече: „Душата и отиде по реката... во селото ќе слезе“. Потоа одевме само ноќе, а дење се криевме во шумата. Стигнавме во Љубојно, преку југословенската граница, и од таму со камиони, како да бевме вреќи со компири, нè пренесоа на железничката станица во Браилово и тука чекавме два дена за воз. Во селото, иако наши, не ни даваа леб, туку ни ги загнаа песојте... Едно од децата го грабнаа и таму го распарчија. Си реков, што клетва е ова што самите се мразиме? Гладот беше голем... и тие беа гладни, немаа леб ни за нивните деца. Јас се снајдов, камчето ми помогна: со каменот чукав на подот на празните вагони каде што меѓу пукнатинките имаше застанато мисурка, а пак Фотиа одоздола ги пречекуваше зрната во фустанчето. Така си грицкавме мисурка. Потоа со воз нè однесоа во Романија каде во еден логор останавме осум месеци, а потоа нè префрлија во Полонија - Полска. Каменот си го

носев во пазувата и кога ми беа студени нозете во ладните зими во Полска, си го ставав кај нозете да ме топли. Другите деца ми се смееја. Сите имаа волнени чорапи и се виткаа со воленца, а јас си го имав каменот. Е тука ме фати некоја офтика и одвај некако се спасив. По некое време дојде и мајка да ме посети, ѝ пуштиле абер дека нема да преживеам. Не остана долго, кога кренав глава, си замина... рече уште се биеле... морала да се врати да го чека татко да се врати од логорот. Потоа со сестра ми се маживме и ни се родија деца, а за враќање, не смеевме да се вратиме, божем дека не сме Грци по род. Но, јас се вратив во нашата Република, да бидам поблиску, за да можам да го мирисам селото што беше преку планината. Кога татко ја испушти измачената душа не ме пуштија на граница да отидам на закопот, исто како и кога умре мајка. Ги молев на граница: „Ве молам, ве молам, само свеќа да запалам, да се опростам, душата да се смири“. Ама тие како некои збеснати кучиња се дереа: Не! Ти не си Грк по род... Писо! Писо! (Назад, назад!)

(Гркот-просфиг повторно се исправа на скалите пред куќата, настроен за тепање – со агресивност)

ГРКОТ: Февга апо едо! (Бегај од тука!) Астоноимиа! (Полиција!).

ПАВЛИНА: (*Гордо се исправува*) Не грчи се и не се пени во устата како некое збеснато куче...Не дојдов на твоето.... Ова е мое, на мајка и татко, на дедо и баба. Клетвата нивна ќе те стигне... Не се петели на туѓо буниште.

ГРКОТ: Варварин, февга! (Бегај!)

ПАВЛИНА: Доста гракаш како некој гавран кој доаѓа од пеколот... ненаситен од колвање очи. Остави ме, барем камчето да го вратам каде што му е местото, кај крстето над прагот... оти ќе се сруши куќата... веќе гледам се распаѓа... така е кога во неа нема љубов, кога не ја милуваш јас како што ја милувам...

ГРКОТ: Февга! (Бегај!) Врија! (Стара!)

(Ја фаќа Павлина за рамената и ја турка на подот. Павлина паѓа како даб под ударот на секира со офкање и очај)

ПАВЛИНА: (*Бавно ги пружа рацете кон небото – како во транс, извикува*) Еј, Свети Петре, ти пак дојде? Не сум подготвена да ја пречекорам твојата порта, треба прво да добијам прошка од куќава. Аха еве, еве, женички ми носат вода, еве, ме галат со жубросани раце, ми го мијат лицето со вода од бунарот... уплавот да го избркаат... А ете и мајка е пред мене ме гледа со нејзините сини очи... бистри како водата во Егејско Море. Мајко, не се плаши! Како деца ја искачивме планината со еден здив...не се плашам повеќе.

(Павлина се исправа, полека, застанува пред Гркот – со гордост му одговора)

ПАВЛИНА: Не! Не! Јас не се плашам... и не умирам падната пред твоите погани нозе. Јас сум потомок на Филип и Александар, јас сум дете на Тодор и Марија, ова е моето село Роби, а ова е, како што гледаш каменот од мојата куќа....

(Гркот го погледнува каменот со омраза и подбивност)

ГРКОТ: Сказмос!
ПАВЛИНА: Сказмос!? Еве ти сказмос...

(Павлина, замавнува со цела сила што ја има, со каменот го удира Гркот по главата, а овој заофкува и паѓа на подот. Павлина го пречекорува Гркот, го плукнува и се упатува кон куќата)

Ти гад еден си кренал рака на мене... мислиш ќе ти ќутам или ќе ти се плашам... Никогаш! Во моите жили тече крвта од дабот кој е неисушлив... неуништлив...
Не, не можеш да ме избркаш и искорениш. Со солзи ќе го налеам дабот повторно да расте за да легнам под неговата сенка, за да се собереме сите. Мајка и татко ќе дојдат и браќата и сестрите ќе се вратат и сите под дабот ќе си лафиме ќе запееме песна, мајка ќе испече ржен леб, татко ќе донесе овчо сирење и во краешникот на лебот ќе си ставиме маст, лута пипер и наѓезмо... ќе се осолиме со нивички и ќе му се сладиме на залаците... и ќе си пиеме вода студена од изворите на Герман. Јас ќе си лежам под дабот и ќе ги бројам лисјата, еден по еден, колку лисја толку села, колку лисја толку желби.... а мајка ќе раскажува приказни за Филип и Александар... за Самоил и Гоце... и ние сите децата ќе запееме песна македонска и со кикотење ќе ткаеме воленца со црно-црвени преѓи.

(Се доближува до куќата, со рацете ги допира клучалката, вратата и прагот. Ги бакнува. Го бакнува и камчето)

Прости ми! Дојдов да го вратам камчето онаму каде што му е местото, со години ја чуваше

куќата и ги топлеше нашите срца. Тоа е заштитникот на крвчето и на прагот, зли духови да не роварат во нашиот дом.

(Го става камчето покрај прагот и полека паѓа на колена пред куќата со рацете потпрени на камењата од куќата. Полека се врти кон публиката и со гордост се исправа)

Јас сум Паља од село Роби... Македонка по род...

Крај

adidas

КАМЕНОТ ОД РОБИ

(Монодрама на леринский дијалект)

На Павлина Монтишева од с. Роби, Леринско - Македонија и на сите деца бегалци (избркани) од поробената Егејска Македонија

(Павлина, 85 годишна жена, со бавни чекори се доближува до портичето на својата куќа во Роби, преку кое за последен пат излезе на својата 15 годишна возраст во 1948 година. Возбудено се загледува и ги одмерува сите детали на нејзината куќа, солзи ѝ навираат на очите (солзи се тркалаат по образите), ја ниша главата и длабоко издишува. Се обидува да го отвори портето, но тоа е затворено. Го затресува и тоа со крцкање се отвора. Седнува до него. Неколку пати го отвора и затвора – слушајќи го звукот, се возбудува од „песната“ на крцкањето на портето)

ПАВЛИНА: (*Возбудено*) Ехе... го препознавам крцкањето... како дете, паметвам кога се крлавме и се бесевме на рачката од портето... а мајка само нѐ караше...да не го скршиме... исто крцкање, иста песна... Патот ме донесе па тука, ме донесе назад, повторно да си ја одживеам младоста... која тука ми беше украдена. Паметвам, татко ми, (*се прекрстува*) лесна да му е земјата, секогаш ми велеше кога го прашевме грао и мисеро: „Паљо, не се мачи, пирејот никогаш не можиш да го искорениш... ти го искорнуваш, а тој уште повеќе расти...“ (*Шепоти*) Македонците се како пирејот – троската, никогаш нема да може да не сотрие. Ете дојду. Соно ми се исполна, да си ја погаљам вратата и кваката која секој ден ја отворав и затворав, ќе ги искачам пак

скалинјата... од камарата да ги соберам јајцата, да ја загреам фурната и да испеча малку мисерник... Ах шо убаво ќе замириса куќава...

(Ненадејно, се сепнува. Од куќата излегува низок и дебел човек со засукани мустаци – застанува над Павлина)

Види го па овој, како дјаоло да излегол од под земјата.

(Гласот на Гркот ја распорува тишината како гром од ведро небо и го скаменува срцето на Павлина)

ГРКОТ: (*На грчки*) Ти телис? (Што бараш?) Пја и се? (Која си?)

ПАВЛИНА: (*Се исправа*) Јас си Павлина, на Мунтишови... дојду... Дојду да си ја видам мојта куќа.

ГРКОТ: (*На грчки - одмавнува со раката*) Фиге! Фиге! (Бегај!). (*Се чука по градите*) Дикому! То спити ине дикому! (Моја! Куќата е моја!)Фиге! (Бегај)

ПАВЛИНА: (*Збунето*) Ах! Дојду да му дам малку водичка на дабот... овој тамо во дворо... се исуши завалијата.

ГРКОТ: Фиге, та се дагоси о скилос! (Бегај, кучето – ќе те удави!)

ПАВЛИНА: Не ме плаши песот шарпланински, не! Пуљам си го научил по грчки да лафи. Ама ако, и тој ко мене е цицан со македонско млеко. Тој само вие од жаљ, ама нема да ме ксне. И двата ние жедта ја гаснеме од истио бунар. Гредам од далечен пат. Дај ми барем вода да се напијам од бунаро, думано да го измија...

ГРКОТ: Охи! Фиге! (Не! Бегај!)

ПАВЛИНА: Е, море синко, ти си чужи чоек, наш јазик не

зборваш. Шо бараш тука? Од дека си дошол да ми го гадиш дворо. Ти си сигурно Просвига, доиден тука од Мала Азија – (Просвиг). Шо не си се врниш од дека шо си доиден, во Турција – од таа ценемијата дека си се родил. (*Ја ниша главата*) Ама не бегаш ти отука! Во лојот си се паднал. За бадија ти се дало. Ова шо ние со татко и мајка го печалеме и го пулиме како очите, а камењито на куќата се збрани по патојте дека фалангата на Александар поминваше.

(Гркот се свртува да си оди, пцуе нешто во себе и плука на страна, упатувајќи се кон куќата)

Не бегај! Зошчо се пениш во устата, небаре си кснал пелин или те ксна лута змија. (*Му довикува на грчки*) Ела! Ела едо! (Дојди! Дојди овде!). Бараи да видиш нешчо.

(Гркот подзастанува и со колебање несигурно се враќа назад. Павлина го вади камчето од скутникот)

Види, види го мојто камче, ушче е каферено од кафтиците шо ги крше, тамо пред праго... Шо! Не ме разберваш? Не зборваш „варварски“, а!? Зборвам по македонски јазик, пишвам по кирилица на оваа истата азбука шо ја создадоа учениците на браќата Кирил и Методиј – солунчаните, од нашио Солун. Нишчо ти не знаеш од тоа... или се преправаш како да не знаеш. Ни ги менавте имињата како и шо ги прекрстите сите села и градои, па дури и црквите, манастирите, дури и гробните плочи ги искршите... Све шо е македонско сотривте.

Како дете паметвам, јазико ни беше врзан: со шепот се пееше на свадби, а приказните заспивни се кажваа со неми усти. Замисли, заспивни приказни со неми усти, но јазико наш македонски секогаш ни беше во мислите и срцата – така се разберваме, сѐ дури мислата ни беше слободна и срцето ни чукаше, ги шчукаме приказните и песните. Мајка ми велеше:„Чупо! Во Турско ни беше полесно... Тогаа имавме цркви и јазик, а сега нишчо... овие Грчиштата се поклети дури и од Турците“.

ГРКОТ: Кути исе! (Ти си будала!) (Со брзање, се изгубува некаде во куќата)

ПАВЛИНА: Демек ме разбра! Шо стоиш како некое нечовечко здание? Од која нација и да си или од која напаст и да си, дај остави ме да си ја видам куќата и тука да си умрам... Таа е клетвата шо си ја носам со мене. Остај ме да си запаљам свешча на гробо на мајка и татко ми, за нивните измачени души. Татко го мачеа во логорот на Лимнос таму беше со години и му ја колваа душата. Кога се врна, ни умен ни будала – му го исушија мозокот, завалијата. Остај ме да запаљам свешча за мојо брат Цветко кој загина на 19 години некаде на Вичо или Грамос... (*покажува со бастунот*) Ене онаму го опраа... душата сигурно ушче му талка меѓу дабовите лисја. Многу наши деца загинаа... млади како росни цвеќа. Во војната, смртта демнеше над нас. Грцките ароплани фрљаа бумби, виеа како некои волци пред да го замолкнат плачот на децата и мајките. Насекаде думан и крв, пот и смрт, плач исполнет со последни издишки и недоречени желби, крв и барут замешан со смрт. Јас роне

јадри солзи а мајка ми ги голташе. Плаче со молчење кога се разделиме. Си мисле ќе се врнам другио ден. „Нема избор“, мајка ме рече. „Татко ти е во логорот на Лимнос и кој знае дали некоипат ќе си доиди. Бате ти Јоше замина за Хрватска, а бате ти Цветко е на Грамос оиде тамо да се бие. Јас ќе остана со Јордана треба да се породи, а ти и сестра ти Фотија ќе ојте преку граница. Кога ќе заврши бојо ќе дојда да ве земам“. Ах! Бебето прво дојде или пак бојот замре, не знам, но мајка ми назад не ме зве. Дали мајко треба јас да си жртвеник за бебето шо греди?
„Ти си голема“, ми рече, а јас одвај има 15 години, а Фотија ближеше 14. „Чуаја Фотија!“, ми рече. Со мене ја зве торбата, а камчето го кладу во пазувата, ја скуна глаата да си ги покри навлажнетите очи и почна да ода во ношјата камо планината. Мајка ми викна: „Паљо, Паљо, зошчо ти е камчето?“ Јас како да не ја шчукна се изгуби во чекорите и думано зад другите деца. А камчето ми требаше, кастици и лешници да си кршам... си го чуе надвор до праго... (*Покажува со бастунот кон куќата*). Ене таму до праго го крие, таму го крие и дрвеното крсте шо дедо ми го делкаше за мене, чунки мислев дека тоа ќе ја чува куќата од дјаолите и вештерките.
Цела нош одеме, се качвавме на планината... селото некаде далеку лежеше под пепелта и маглата. Кога се осуна виду цела колона на боси деца пред нас – до бескрај се виеше околу планината. Помалите деца кога видоа дека не се со мајките, зацимолија, но му беше речено да не плачат оти „дамлата грчка“ ќе ги земи.

Некои офкаа, нозите им се грчеа, па застанаме покрај еден поток покриен со букова шума да си ја згасниме жедта. Ни наредија да не зборваме зашчо ветеро ќе не издаде, божем гласојте ќе стигнеле до монархо-фашистите. Ние децата, се оладиме и си легнаме како некои јагненца на меката трева, а постарите жени зафатиа да пее заспивни песни, да не ги мисле или да му испратат пораки до нивните мајки, за да не ги заборае, а и на портите да нѐ чеке. Грцките ароплани нѐ насетија и зафрчија бумби, ти се чини како некоја ламја да ги блуеше. Врескотниците на децата беа посилни од татнејнето на бумбите. Сите се криеме околу камењието како тие да беа нашите мајки и таткој.
Е тамо онака во шумата покрај реката беше тоа (*покажува со бастунот и продолжува*). Одненадеш аропланите ги нема некаде и под покривот на думано од баруто кој нѐ душеше завладеа офкање и стенкање, а некаде и плачење. Се избара по цела мрша, га избарав и мршата на сестра ми – немаше никаде крв и си реку, ете камчето не спаси, камчето кое го чуаше крсто во ѕидо до праго на куќата. Мојта другарка Тронда ја здогледа како лежи безпомошно покрај водата... се треси како некој лист, некаков студ ја имаше одземено. „Тронда! Тронде!“ Му извика. Кошуљата бела под грандите целата му беше крвосана, а таа со прсто го затнуваше дупчето да не блика крвта. „Вода! Дајми вода!“ Ми викна... но една постара жена ме прекори: „Ќерко, немој... водата целата е крвјосана...“ „Камчето, на камчето“, реков... тоа ќе ја запри крвта. Го

кладов камчето на дупчето... крвта замре. Само се шчукаше шупурењето на поточето. Немнио милозлив поглед, ко да ги броеше лисјето на буките... насмевка му зрачеше на лицето... како да немаше повеќе бољка... камчето ја смири. Постарата жена рече: „Душата му ојде по реката... во селото ќе урви“.
Потоа бараме само ношјата, а денјата се криеме во шумата. Стигнаме во Љубојно, преку југославската граница, и од тамо со камион (автокинито) како да сме врешти кртули, нѐ пренесоа на железничката станица во Браилово и тука чекавме два дена за воз (трено). Во селото иако наши, не ни даваа леб туку ни ги нашнаја песојте и едно од децата го грабнаа и тамо го распрчија. Си реку, шо клетва е ова шо самите се мразиме. Гладот беше голем... и тие беа гладни, немаа леб, нито за нивните деца. Јас се снајду, камчето ми поможи: со камено чуке на подо на празните вагони дека шо меѓу цепотинките имаше застанато зрна од мисер, а пак Фотиа одоздола ги пречекаше зрната во фустанчето. Така си гриземе зрна мисер.
Потоа со трен (воз) нѐ занесоа во Романија и тамо во еден логор останаме 8 месеци, а потоа нѐ префрлија во Полонија - Полска. Камено си го носе во пазуата и кога ми беа студени нозите во ладните зими во Полска си го клаве над нозете да ме ги топли. Другите деца ми се смееа. Свите имаа влнени чорапи и се виткаа со веленца, а јас си го име камено. Е тука ме фати некоја офтика и одвај некако се спаси. По некое време дојде и мајка да ме види, му пушчиа абер дека нема да преживам. Не седе длго време, кога јас крена гла, си замина... ми

рече ушче се биеа... трбаше да се врни да го чека татко да се врни од логоро. Потоа со сестрами се мажиме и ни се родија деца, а за врнванје не можеме да се врниме, зашчо божем не сме Грци по род. Но јас се врна во нашата Република, да бида поблизу, за да можа да го мерисам селото шо беше преку планината. Кога татко ја испушчи измачената душа не ме пуштија на градницата да одам на закопот, исто како и кога умре мајка ми. Ги моље на градница: „Ве молјам, ве молјам, само сфешча да запала, да се проста, душата да ме се смири“.Ама тие како некои збеснати кучина се дереа: Не! Ти не си Грк по род... Писо! Писо! (Назад, назад!)

(Гркот-просфиг повторно се исправа на скалите пред куќата, настроен за тепање – со агресивност)

ГРКОТ: Фиге апо едо! (Бегај од тука!) Тха фонаксо тин астоноимиа! (Ќе викнам Полиција!).

ПАВЛИНА: (*Гордо се исправува*) Не грчи и не се пени во устата како некое збеснато куче...Не дојду на твоето.... ова е мојата куќа, на мајка и татко ми, на дедо и баба ми. Клетвата нимна ќе те фати... не се петли на чужо бунишче.

ГРКОТ: Варвара, фиге! (Бегај!)

ПАВЛИНА: Доста гракаш ко некој гарван кој дојде од пеколо... ненаситен од колвање очи. Остај ме, барем камчето да го врнам дека шо му е местото, кај крстето над праго... оти ќе се сруши куќата... веќе пула се распаѓа... така е кога во неа нема љубов, кога не ја милваш јас како шо ја милвам...

ГРКОТ: Фиге! (Бегај!) Вре грија! (Ти стара!)

(Ја фаќа Павлина за раменатa и ја турка на подот. Павлина паѓа како даб под ударот на секира со офкање и очај)

ПАВЛИНА: (*Ги пружа рацете кон небото – како во транс, извикува*) Еј, Свети Петре, ти пак дојде? Не си готоа да ја пречекорам твојта порта, треба прво да добија простење од куќата ми. Аха јаги, јаги, женичките ми носе вода, јаги, ме гале со жуфросани раци, ми го мие лицето со вода од бунаро... уплата да ја испаде... а јага и мајка е пред мене ме пули со нејните сини очи... бистри како водата во Егејското морје. Мајко! Не се плаши! Како деца ја искачиме планината со еден здив...не се плаша појќе. *(Се исправа,застанува пред него и гордо му одговора)*

ПАВЛИНА: Не! Не! Јас не се плаша... и не умирам падната пред твоите погани носи. Јас си потомак на Филип и Александар, јас си дете на Тодор и Марија, ова е мојто село Роби, а ова е, како шо пуљиш камен од мојта куќа....

ГРКОТ: (*Го погледнува каменот со омраза и подбивност)* Сказмос! (Бриши од тука)

ПАВЛИНА: Сказмос!? На ти сказмос!

(Павлина, замавнува со цела сила што ја има, со каменот го удира Гркот по главата, а овој заофкува и паѓа на подот. Павлина го пречекорува, го плукнува и се упатува кон куќата)

Ти гаду еден си кренал рака на мене... мислиш ќе ти млчам или ќе ти се плашам... Никогаш! Во моите жили течи крвта од дабо кој е

неисушлив...неунишлив...Не, не можиш да ме испандиш и искорениш. Со солзи ќе го налеам дабо повторно да расти за да легна под негоата сенка, за да се собереме сите. Мајка и татко ќе дојде и браќата и сестрите ќе се врне и сите под дабот ќе си зборваме ќе си запееме песна, мајка ќе испечи ржен леб, татко ќе донеси офчјо сирење и во краешнико на лебо ќе си кладиме мас, лута пипер и наѓезмо... ќе се осолиме со нивички и ќе му се сладиме на залаците... и ќе си пиеме вода студена од изворина на Герман. Јас ќе си лежа под дабо и ќе ги броја лисјето, еден по еден, колку лисје толку села, колку лисје толку желби.... а мајка ми ќе раскажи приказни за Филип и Александар... за Самоил и Гоце... и ние сите децата ќе запееме песна македонска и со кикотење ќе ткаеме веленца со црно-црвени преги.

(Се доближува до куќата, со рацете ги допира клучалката, вратата и прагот. Ги бакнува. Го бакнува и камчето)

Прости ме! Дојду да го врна камчето тука дека шо му е местото, со години ја чуаше куќата и топлеше нашите срца. Тоа е заштитникот на крвчето и на праго, зли духови да не роварат во нашио дом.

(Го става камчето покрај прагот и полека паѓа на колена пред куќата со рацете потпрени на камењата од куќата. Полека се врти кон публиката и со гордост се исправа)

Ја су Пања од село Роби... Македонка по род...

Крај

adidas

adidas

THE STONE OF ROBI

(Monodrama)

(Pavlina Montisheva is a woman from the village Robi, Lerin Region, Greek occupied Macedonia. She is one of those Macedonian people who, as a child was evicted by the Greek authorities along with another 28,000 refugee children, who after being evacuated outside the Greek borders, was not allowed to return. This Monodrama is dedicated to all Macedonian refugee children)

(Pavlina is an 85-year-old woman, who, with slow steps moved closer to the yard gate of her old house in Robi. A house she left behind and saw for the last time in 1948 when she was only 15 years old. With excitement and tears rolling down her cheeks, she slowly looked at every detail of the house with a measured look. She shook her head and took a deep breath. She got closer to the gate and tried to open it. It was stuck. She tugged at it and shook it vigorously. It opened with a creaking sound. She sat beside it. She opened and closed the gate several times listening to the creaking sound. She got all excited… the creaking was like an old "song" to her.)

PAVLINA: (*With excitement*) "Yes… I recognize that creaking... I remember grabbing the handle, swinging the gate and rocking on it when we were children… our mother used to get annoyed with us... telling us to be careful not to break it... it still creaks the same way… it still sings the same song..."

"The road brought me here again… It brought me back to revisit my youth... which was stolen from me... I remember my father (*she is crossing herself*), may he rest in peace, when we were working in the corn and bean fields, telling me: 'Palia don't bother digging out the weeds. The more you try to eradicate them the more they grow… (*Whispering*) they are like us Macedonians - they will never eradicate us'…"
"I finally came home. My dream has been fulfilled. I wanted to open and close this gate one more time… the very same gate I used to open and close every day… I want to once again climb the stairs I used to climb every day... I want to collect the eggs laid by our chickens… I want to heat the oven and bake me some corn bread... oh the aroma… how nice our house will smell..."

(Surprised Pavlina stumbled. A short and fat man with a twisted mustache came out of the house and stopped at the gate over Pavlina)

"Look at him… Like the devil coming out of the ground..."

(The voice of the Greek man broke her silence like a lightning strike in a clear sky. It turned Pavlina's heart into stone…)

GREEK MAN: (*Speaking in Greek*) "Ti thelis?" (What do you want?) "Pia ise?" (Who are you?)
PAVLINA: (*Standing up straight*) "I am Pavlina, from the Montishev family... I came... I came to see my house."
GREEK MAN: (*Waving his hand and speaking Greek*) "Fige! Fige!" (Go away! go away!) (*Pounding his chest*)

"Afto to spiti ine dikomou! Dikomou! Fige!" (This house is mine! Mine! Go away!)

PAVLINA: (*Confused*) "Oh! I came to water the oak tree… the one inside the yard... it is getting dry…"

GREEK MAN: "Fige, tha se thagosi o skilos!" (Go away, the dog will attack you!).

PAVLINA: "I am not afraid of your Shar Mountain dog… No! I see you taught him to understand Greek. But unfortunately, just like me, your dog has been brought up by suckling on Macedonian milk. He only growls because he is sad… he will not bite me. We both have drunk from the same well."
"I have come a long way. Can you at least give me some water from the well to drink… to wash down the dust...?"

GREEK MAN: "Ohi! Fige!" (No! Go away!)

PAVLINA: "My dear son, you are a stranger here, you don't speak our language. What are you doing here? Where did you come from… to soil my yard? You must be one of those Asia Minor colonists deposited here by the Greek authorities. Why don't you go back to Turkey, where you came from… where you were born? (*She shook her head*) I know you will not leave this place because it was given to you… for free… a gift from the Greek authorities. Our ancestral land which belonged to my mother and father, the land which we developed with our own bare hands, the house which we built with our sweat gathering stones along the path where Alexander's phalanx marched… was given to you as a gift."

(The Greek man turned to leave, cursed and spit on the side. He then walked away towards the house)

"Don't go! Why are you frothing at the mouth, like you have been poisoned or bitten by a poisonous snake?" *(She yelled at him in Greek)* "Ela! Ela etho!" (Come! Come back here!) "Come and see something."

(The Greek man stopped and hesitantly and unwillingly returned. Pavlina pulled out a stone from her chest pocket and showed it to him)

"Look… look at my stone, it is still brown from me breaking walnut shells… I broke them over there at the front of the threshold ... What!? You don't understand me!? You don't speak the 'barbarian' language!? I am speaking to you in Macedonian. My language… the same language spoken here for millenniums… whose written form was introduced by the pupils of the Solun brothers Kiril and Metodi… From our Solun… They created my written language over a millennium ago. You don't know anything about it do you...? Or perhaps you pretend you don't know? You changed our names just like you renamed our towns and villages… You even changed the names of our churches and monasteries… and broke up the tombstones on our graves… whatever was Macedonian you destroyed..."

"As a child I remember our language was forbidden: songs were whispered at weddings and lullaby stories told with mute mouths. Imagine, lullaby stories being told with mute mouths… but our Macedonian language remained in our minds and hearts - we listened to the stories and heard the songs and we understood each other for

as long as our thoughts were free and our hearts still beat. My mother used to say: 'My dear daughter! It was much easier for us during Ottoman times… If nothing else we at least had our own churches and were able to speak our own Macedonian language... these damned Greeks are worst than the Turks'…"

GREEK MAN: "Kuthi ise!" (Koveia) (You're a fool!) (*Rushed back and got lost somewhere inside the house*)

PAVLINA: "Ah, so you do understand me! Why do you stand in my way like an inanimate object and treat me so inhumanly? Whatever nation you belong to or wherever from is your origin, I don't care… just let me see my house so that I can die in peace... The curse that I carry with me is my own. Let me light a candle at my mother and father's graves… to soothe their tormented souls. Your kind tortured my father at the camp in Limnos… they pecked at his soul in his old age until he was destroyed... When he returned, he was not the same man - his mind was dried up – he was an emotional cripple. Let me light a candle for my brother Tsvetko, killed at age 19, somewhere over there on Vicho or Gramos... (*pointing with her cane*). They extinguished his life there... his soul surely still wanders among the oak leaves. Many of our children were lost... young… as young flowers…"

"Death lurked over us during the war. The arrogant Greek dropped bombs on us...the planes howled like wolves before silencing the cries of our mothers and children. There was dust and blood, sweat and death everywhere… crying filled with the last breath and unfulfilled desires… blood and gunpowder mixed with death…"

"I cried bitter tears, droplets running down my cheeks while my mother swallowed her tears. I cried in silence when we parted. I thought I would be back the next day riding on an unbridled horse… but my mother said we had no choice... She said: 'Your father is locked up in the camp in Limnos and who knows when or if he will ever return. Your brother Ioshe left for Croatia, and your brother Tsvetko left for Gramos to fight in the war. I have no choice but to remain here, with Iordana to give birth. You and your sister Fotia must go across the border. When the war is over I will come and get you...' Oh my dear mother! I don't know which came first, the birth of the baby or the end of the war… All I know is that my mother never came to take me back…"
"Oh my dead mother, do I need to be a casualty for the coming of the baby?""... 'You are all grown up now…' she said to me… But I was barely 15 and Fotia was almost 14 years old. 'Look after Fotia…' she begged me. I took the bundle (bag of clothes and food) in my hand and put the stone in my chest pocket. I lowered my head to hide my moist eyes and, in the dark of night, took my first step towards the mountain. My mother yelled: 'Palia… Palia… why did you take the stone?!' But I continued walking, pretending I did not hear her… I lost myself in the dusty road, following behind the other children. I needed the stone to break the shells of walnuts and hazelnuts... I always kept it outside at the threshold... (*pointing with her cane towards the house*) I hid it there at the threshold… where I hid the wooden cross, which my grandfather made for me… I believed the rock protected the house from demons and

witches…" "We walked all night climbing the mountain... the village lay far away somewhere under the ashes and fog. The next morning, when it was light, I saw a whole column of children walking barefoot in front of us. The column was winding endlessly around the mountain. The younger children, when they saw that they were not with their mothers, began to cry… but they were told not to cry because 'the Greek paralysis' was going to get them. Some did get the 'Greek paralysis'... Their feet and legs became paralyzed from the cold. We had to stop. We stopped at a stream inside a beech wood forest to quench our thirst. They ordered us not to speak because the wind would betray us… they told us the wind would carry our voices to the Monarcho-fascists and they would send their planes to bomb us. After we drank water we fell asleep like little lambs on soft grass. The older women began to sing lullabies to us, so that we don't miss our mothers, and to send our mothers a message, to not forget us and to wait for us at the gates of our homes. The Greek planes picked up our scent and began to drop bombs on us. They looked like dragons vomiting fire at us… The screams of the children were louder than the roar of the bombs. We all hid around the rocks like they were our mothers and fathers."

"It was over there in the forest by the river (*she pointed with her cane and continued*). Suddenly, the airplanes disappeared, and we the children lay somewhere under the smoke of chocking burned gunpowder, moaning, whimpering and crying. I stood up and checked my body looking for wounds. I then ran to my sister and did the same…

there was no blood. I said to myself 'the stone saved us… the stone that kept the cross hidden in the wall at the threshold of our house… saved us'. I looked at my friend Tronda lying there helpless beside the stream... She was shivering and shaking like a leaf… She looked like she was overcome by the cold. Tronda! Tronda! I yelled out. I looked down… Her white shirt was covered in blood under her chest. She had her finger stuck in the wound… a hole in her chest… to stop the bleeding. 'Water! Give me water!' she yelled out... But an older woman looked at me and said: 'No! No my dear… the water is contaminated with a lot of blood...' 'The stone… the stone,' I said... 'it will stop the bleeding'. I put the stone on top of the hole... the bleeding subsided. She was silent now… The only sound heard was that of the running water… trickling downstream. She looked peaceful as if counting the leaves on the beech tree above us... a smile radiated on her face... as though she had no more pain... the stone calmed her down, I thought. But the older woman said: 'her spirit is gone now… it went down the river... it will land somewhere in the village'…"

"After that we walked only at night and hid in the forest during the day. We arrived at Liuboino, over the Yugoslav border, and from there we were loaded on trucks and taken to the train station in Brailovo where we waited for two days for a train. Even though the people in the village were our people (Macedonians), they did not give us food… They sent their dogs after us… One of the children was attacked and torn to pieces. I thought to myself 'what kind of a curse is this that we hate ourselves…' Our hunger was great... and so was

theirs… they too had no food, even for their own children... I was lucky… my stone helped me. I knocked on the floor of the empty wagons (train cars) with my stone and loosened the corn cornels stuck between the floor boards. Fotia was under the wagons collecting them in a fold in her dress. And then we nibbled on them…"

"After that they put us on a train and took us to a camp in Romania where we stayed for eight months. Then they transferred us to Poland. I carried my stone with me, in my chest pocket. When my feet were cold during the winters in Poland I put the stone near them to warm them. The other children laughed at me. They all had woolen socks and wrapped themselves in woolen blankets… I had my stone. Unfortunately I contracted some kind of tuberculosis… I barely managed to survive. After a while, my mother came to visit me. She was told I would not survive. She did not stay long… By the time I raised my head, she was gone... She told me they were still fighting back home... She had to return to wait for my father. She was expecting him to return from the camp. After that both my sister and I got married and we gave birth to our children. As for returning home? It was not possible because I was not Greek by birth. But I did return, not to my rightful home, but to the Republic of Macedonia, to be closer to my village and to enjoy its aroma over the mountain."

"When my dear father's tortured soul departed his body, the Greeks refused to let me cross the border and attend his funeral… just as they did when my mother died. I begged them at the border: 'Please, please… just allow me to light a candle for them…

to find peace in my soul…' But they danced like rabid dogs saying: 'Oxi!' (No!) 'You are not Greek by birth!' 'Fige! Fige apo etho!' (Leave! Get out of here!)"

(The Greek man, (colonist from Asia Minor), came out of the house, again, this time ready to fight - with an aggressive attitude)

GREEK MAN: "Fige apo etho!" (Get out of here!) "Tha fonaxo tin Astinomia!" (I will call the Police!)

PAVLINA: (*Stood up straight looking proud*) "Don't growl at me and froth at the mouth like a rabid dog... I did not come to your place... this is my place… my mother, father, grandfather and grandmother's place… They will curse you with a terrible curse... Don't crow at me like a rooster on someone else's manure heap."

GREEK MAN: "Varvara mia (ige), fige apo etho!" (Get out of here you barbarian!)

PAVLINA: "Stop crowing like a raven out of hell... insatiable for piercing more eyes. Leave me be… Let me put the stone back in its place, near the cross above the threshold... because the house will collapse... I can see that it is already falling apart... this is what happens when there is no love for it… when you don't love it like I do..."

GREEK MAN: "Fige! Fige vre gria!" (Leave! Leave you old woman!)

(The Greek man grabbed Pavlina by her shoulders and pushed her to the ground. Pavlina fell down (like an oak tree under the impact of an ax) moaning and under despair)

PAVLINA: (*pointing her arms towards the heavens - as if being in a trance, yells out*) "Hey, Saint Peter, are

you back again? I am not ready to pass through your gate. First I must get my forgiveness from the house. Ah, there… there are the women who are bringing me water… there… they are stroking me with their wrinkled hands… washing my face with water from the well... washing away the fear... ... and there… there is my mother looking at me with her blue eyes… clear like the water in the Aegean Sea. Mother, don't be afraid! As children we climbed the mountain with one breath... I am no longer afraid…"

(Pavlina stood up straight, slowly walked over to the Greek man and proudly answered him)

PAVLINA: "No! No! I am not afraid... and I will not die lying down in front of your repulsive feet. I am a descendant of Philip and Alexander, I am a child of Todor and Maria, Robi is my village, and this, as you can see is a stone from my house..."

(The Greek man looked at the stone with hatred and abhorrence)

GREEK MAN: Scazmos! (Get lost!)

PAVLINA: Scazmos!?

(Pavlina swung the stone with all her might and hit the Greek man on the head. He fell down and lay on the ground. Pavlina walked over him, spat on him, and went towards the house)

How dare, you repulsive little man, lay your hands on me... did you thing I was going to shut-up and run away afraid...? Never! The blood that flows in my veins is the same as the sap that flows in the

old oak tree that refuses to dry up... we are indestructible..."

"No, you cannot chase and uproot me. I will water the old oak tree with my tears so that it will grow again and I will lie down under its shadow until we all get together again. My mother and father will come… and so will my brothers and sisters… and all of us, together, will sing a Macedonian song under the old oak tree. My mother will bake rye bread, my father will bring sheep cheese, and on each slice of bread we will add butter, a hot pepper and mint… we will feast on fish from Nivitsi and savour the flavour… and we will quench our thirst with a drink of cool water from the spring in German. I will lie under the old oak tree and count its leaves… one by one… one for each village… one for each wish… and my mother will tell stories about Philip and Alexander... about Samuil and Gotse... and we the children will sing Macedonian songs… and while giggling, we will weave a woolen bed cover with black and red strings of yarn."

(Pavlina approached the house, touched the keyhole, gate and threshold with her hands, kissed them, and kissed the stone)

"Forgive me! I came to return the stone and put it back in its rightful place,where it belongs, where, for years it guarded the house and warmed our hearts. The stone is the protector of the blood and of the threshold… It protects the house from evil spirits burrowing inside..."

(Pavlina put the stone beside the gateway and slowly fell on her knees in front of the house with her hands leaning against the house stone wall. Slowly turns to the audience- with pride)

I am Pavlina from Robi… Macedonian by birth.

The end

Translated by Risto Stefov

adidas

Доц. м-р Трајче КАЦАРОВ

ПАЉА - МАКЕДОНКА

(Краток осврт на најновото драмско дело на Душан Ристевски)

Додека ја читав монодрамата на Душан Ристевски, „Каменот од Роби“ посветена на Павлина Монтишева од село Роби, Леринско – Македонија, воедно посветена на сите деца избркани од Егејска Македонија, ми зазвони телефонот. Ми се јави еден другар од школските години. По силината на гласот познав дека е вознемирен. Како да не зборуваше по телефон, како да викаше од крепоста – Исарот, што се извиваше над градот.

- Слушна ли за она што денес се случи?

- Во денешно време за многу нешта се слуша, како што и за многу нешта треба да заборавиме дека сме слушнале.

- Предавството дојде до својот апогеј. Понатаму повеќе нема каде.

- Аристотел рекол човештвото никогаш нема да згасне зашто човекот има секогаш повисоки цели, цели кон Господа.

- Не се подбивај. Овие нашиве, оние кои ја зедоа власта со премачкување бои по лицето на македонската историја, се сложиле да ја прекрстат нашата страдалница во „Илинденска Македонија“.

Пламнав. Големо ни е името, ќе има многу што ќе се обидат да ни го земат, рече Блаже Конески. Ете сега гледам дека на великанот на македонската поетска реч, уште на неполни 19 години не му било тешко да каже дека голема е маката да си род на смачкано племе. Од читанката по историја учевме дека Илинденското востание е преурането. Гоце Делчев идеологот на македонската револуционерна дејност, бил против кревање на востание. Ги убедувал своите соборци дека во воена акција против окупаторот треба да се потпреме на свои сили зашто секоја помош однадвор ќе бара потоа да се раздолжиме. „Илинденска Македонија“ ги погребува Македонците. Не знам чуму му е ЕУ и НАТО, на смачканото племе? Ете мое другарче, ваквите гласини треба да ги заборавиме.

Од другата страна се слушна она добро познатото ти-ти-ти... Дај Боже, си реков, ова да значи само крај на нашиот разговор, не и на нашата дружба.

Не помина долго време од разговорот со другарот, разбравме дека Грците не го уважуваат нашето предавство. Малку им било. Нешто слично на Аристотеловото за човекот, нивните претензии кон Македонците никогаш нема да згаснат, зашто секогаш имаат повисоки цели. Сакаат да ги достигнат врвовите на Севишниот и од таму да ни ја одредат судбината...

Што се однесува до ова најново драмско дело на Душан Ристевски, би можеле да кажеме дека е градено на индукативни принципи, односно на основа на конкретни примери.. Внатрешните елементи, како и структурата, ако се држиме до одредниците на класичарите, го означуваат прочитот на пиесата. Во учебникот по драматургија стои запишано: „Да се предочи драматургијата на одредена пиеса тоа значи да се претстави фабулата рељефно, да се утврди театралниот начин на покажување и раскажување на определен настан... Тоа бара да се проследат процесите на моделирање, стилизирање и кодирање на стварноста. Што би значело дека драматургијата се гради врз анализа на дејствијата и на нејзините актанти (ликовите). Враќањето на Павлина Монтишева, долги години по егзодусот, во своето родно село Роби, е материјалот за композициското градење на пиесата, односно градењето на наративната структура на приказната. Со помош на дидаскалиите, кои во античката драматургија биле израз на хорот (прилог во развојот на дејствието) можеме да кажеме дека пиесата е композициски издржана. Душан во градењето на дејствието односно во приказот, во раскажувањето на настанот, вклучува уше еден лик. Истиот го потенцира драмското дејствие, агонот. „Во античката комедии (Аристофан) агонот тоа е дијалогот, конфликтот помеѓу непријателите (враговите) што заземаат централно место во пиесата“ (Речник на театарот, Патрис Павис, 2002 г). Вториот протагонист, ликот, го наименувал со именката Гркот. Со тоа сака да каже дека односот со Павлина, не е персонален туку општествен.

Павлина: ...Доаѓам од далечен пат. Дај ми барем вода да се напијам од бунарот, прашината да ја измијам. Гркот: Охи! Февга! (Не! Бегај!)

Народниот гениј рекол: И змијата не треба да се тепа кога пие вода. Уште една потврда за нечовечноста, за крајната намера на Гркот, врагот во агонот. Душан Ристевски низ низа елементи користени во наративот на пиесата, подава знаци дека не му е страна античката трагедија. Знае и умее во кодирањето на реалитетот да појде од конкретни нешта: портата на родната куќа, прагот, инконата, каменчето кое стоело во ѕидот и помагало на иконата да не се срони. Вербата во Севишниот, во Господ, во неговата справедливост, кај Душан Ристевски како и во древната драматургија е решение за секој спор, за секоја неправда.

Павлина: ...Прости ми! Дојдов да го вратам камчето онаму каде што му е местото, со години ја пазеше куќата и ги топлеше нашите срца. Тоа е заштитникот на кровчето на прагот, зли духови да не роварат во нашиот дом... Ја сум Паља од село Роби... македонски род...

На крајот морам да кажам: Зарем има подобар наук од пиесата на Душан Ристевски, во изборот на позиција во разговорите со Грците, околу името Македонија, околу идентитетот на Македонците, околу македонскиот јазик, околу сите научни, уметнички вредности што ги изнедрила нашата страдалница?

Жив и здрав да си Душане и да ти се множат вакви маестрално напишани дела.



Плакат од премиерата на "Каменот од Роби"
Poster of the premier of "The Stone of Robi"

By Trajche Katsarov MA

PALJA – MACEDONIAN

(Brief review of Dushan Ristevski's latest play)

While reading the monodrama "The Stone of Robi" by Dushan Ristevski, dedicated to Pavlina Montisheva from the village Robi, Lerin Region, (Greek occupied) Macedonia, also dedicated to all the children expelled from Aegean (Greek occupied) Macedonia, my phone rang. A friend from my school was on the other side of the line. By the loudness of his voice I knew he was upset. He sounded like he was yelling from afar, from the top of the fortress Isarot, like the town crier roaring over the town.

"Did you hear what happened today?" he yelled.

"Many things happen nowadays, I heard about many things, and we should forget about the many things we have heard," I replied.

"The betrayal has reached its own apogee. And there is nowhere else for it to go!" he replied.

"Aristotle once said that humankind will never fade because people always have higher goals, goals toward God," I replied.

"Don't be ridiculous! These politicians of ours, those who took power by colouring the face of Macedonian history… have now decided to rename our tormented Macedonia to "Ilinden Macedonia!" he yelled.

I snapped back and said: "We have a great name; there will be many who will want to take it! This is what Blazhe Koneski said. Now I can understand what the barely 19 year old great Macedonian poet meant when, without difficulty in the poetic Macedonian language, he said: 'It is a great misery to be born in a crushed tribe…' I learned from our history books that the Ilinden Uprising was premature. Gotse Delchev, the ideologue of Macedonian revolutionary activities, was against the uprising. He persuaded his comrades that we should rely only on our own strength for all military actions against the occupier because each time we are helped by outsiders we will owe them… we will be indebted to them and we will have to pay a great price. Many Macedonians were lost

before their time because of Ilinden and "Ilinden Macedonia" buried them. I don't understand why our crushed Macedonian tribe would even want to enter the EU and NATO? My dear friend we need to forget all this…" Then I heard the familiar sound "beep"-"beep"-"beep" coming from my phone. I said to myself: "God I hope this was the end of our conversation and not the end of our friendship..."

It did not take too long after my conversation with my friend when we found out that the Greeks did not respect our treachery. It was not enough. Something similar to what Aristotle had said about people… their (Greek) pretensions towards the Macedonians will never fade, because they will always have higher goals. They want to reach the highest peaks attainable and determine our destiny from there...

What can we take from this latest act? I am sure that I am not mistaken, but Dushan Ristevski's drama, we could say, was built on indicative principles, that is, on the basis of concrete examples. His internal elements as well as his structure, if we stick to the benchmark of the classics, mark the reading of the play. Written in the text-book of dramaturgy is: "To point out the dramaturgy of a certain play, means to present the plot reliably and to determine the theatrical way of showing and telling a certain event... It requires one to follow the processes of modeling, styling and coding reality. This means that dramaturgy is built on the analysis of actions and characters. Pavlina Montisheva's return to her native village Robi, many years after her exodus, is the material for the composition of the play, that is, for the construction of the narrative structure of the story. With help from the didacticals, which in the ancient dramaturgy were the expression of the choir, (in addition to the development of the action) we can say that the play is compositional. Dushan has included the image of one more character in the construction of the act, in the display and narration of the event. This emphasizes the dramatic action, agon. "The agonist in the ancient comedy (Aristophanes) is the dialogue, the conflict between enemies that occupy the central place in the play" (Glossary of the Theater, Patris Pavis, 2002). The second protagonist, the character, he calls the "Greek". He wants to say that his relationship with Pavlina is not personal but social.

Pavlina: ...I have come a long way. At least give me some water from the well to drink… to wash down the dust…

The Greek: “Ohi! Fige!” (No! Go away!)

A folk genius once said: “Even a snake should not be disturbed while drinking water.” This is yet another confirmation of inhumanity, the ultimate intention of the Greek… the villain in the agon. Through a series of elements used in the narrative of the play, Dushan Ristevski points to signs that ancient tragedy is not foreign to him. He knows it and encodes in the reality from specific things: from the gate of a birthplace, from the threshold, from the icon, and from the stone that stood in the wall which prevented the icon from crumbling. The solution to any dispute, to every injustice rests in the belief in the mighty God and in His justice as well as in Dushan Ristevski and in the ancient drama...

Pavlina: ...Forgive me! I have come to restore the stone to its original place; it has been guarding our house and warming our hearts for many years. It is the protector of the cross and the threshold and will not allow evil spirits to enter our house... I am Palja from the village Robi... from a Macedonian family...

In the end, I have to say: We can all learn something from Dushan Ristevski’s play, especially in choosing a position in the talks with the Greeks, about the name Macedonia, about the identity of the Macedonian people, about the Macedonian language, and about all the scientific and artistic values that have been brought about by our suffering.

Long live Dushan and, may your masterfully written works multiply.

„Каменот од Роби“ премиерно се прикажа на 24 февруари 2018 год. во Театарот Цивик во Хрствил (Сиднеј-Австралија), во режија на Стефо Нанцу и изведба на Валентина Апостоловска и Антонио Нешковски

The premier of “The Stone of Robi” performed at Civic Theatre Hurstville (Sydney-Australia) on 24 February 2018. Directed by Stefo Nantsou, performed by Valentina Apostolovska and Antonio Neskovski

ЕГЗОДУСОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ДЕЦА ОД ПОРОБЕНИОТ ЕГЕЈСКИ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Во антифашистичката борба на народите (1941-1945 г.) голем е придонесот и на Македонскиот народ од поробениот егејски дел на Македонија. Уште на почетокот од Грчко-италијанската војна (1940 г.) Македонците учествуваа во борбата против италијанскиот фашизам, а по капитулацијата на Грција во 1941 година, масовно учествуваа и во борбата против германскиот фашизам. Речиси 6.000 Македонци се бореа во редовите на единиците на ЕЛАС, а 20.000 учествуваа во резервните единици на ЕЛАС.

Во периодот на антифашистичката борба, Македонците во исто време го афирмираа и своето национално битие. Во поробениот егејски дел на Македонија на Македонците им беше забрането да го зборуваат македонскиот јазик поради грчката окупација од 1913 година. Но сега, ослободувајќи се од контролата на Грците, Македонците изнајдоа храброст и слобода повторно да го зборуваат својот мајчин јазик, почнаа со издавање на весници на македонски јазик, се создаде македонска азбука, се издаде македонски буквар, се отвориј македонски училишта и се формираа културно-уметнички друштва.

По завршувањето на Втората светска војна во 1945 год. Грција повторно превзема контрола во окупираниот дел на Македонија. Македонскиот јазик повторно беше забранет во поробениот егејски дел на Македонија и грчките власти почнаа да спроведуваат еден средновековен терор против Македонците. Македонците не само што ја изгубија слободата да зборуваат македонски, ним им беше забрането да се декларираат како Македонци и својата земја да ја нарекуваат Македонија.

Само во периодот 1945-1946 година Грците извршија 400 убиства, 440 силувања на жени и девојки, 8.145 Македонци беа затворени во грчките затвори, 4.209 судени, 3.215 осудени, 13.529 интернирани по грчките острови, 13 полудени од мачењата по

затворите, 1.291 изгорени куќи, 80 ограбени села, 1.605 ограбени семејства, 45 уништени села и 1.943 присилно иселени семејства.

За да се заштити од теророт на Грците и истребување, Македонскиот народ од поробениот егејски дел на Македонија почна да се организира и да дава организиран оружен отпор против националистичката политика на грчката влада. Македонските организации (НОФ, АФЖ, НОМС) одиграа непроценлива историска улога во организирањето на македонскиот отпор.

Во периодот на Граѓанската војна во Грција (1946-1949) македонскиот народ масовно учествуваше и беше главниот носител на таа борба. Речиси 20.000 Македонци зедоа учество во оваа крвава борба. Во текот на борбата Македонскиот народ ги афирмира своите национални и културно-јазични вредности.

Во периодот помеѓу 1947 и 1948 г. во поробениот егејски дел на Македонија се отворија 87 училишта со 10.000 ученици, курсеви за македонските учители, се публикуваа весници на македонски литературен јазик, се формираа театарски и културно-уметнички друштва што го шириа македонскиот литературен збор преку печатот, драмата, песната, орото итн.

По поразот на Демократската армија на Грција (ДАГ) во поробениот егејски дел на Македонија завладеа период на терор и беа уништени сите национални права и придобивки на Македонците. Многу родители погрешно веруваа дека за да ги спасат своите деца, треба да ги испратат надвор од границите на Грција со надеж дека ќе се вратат по завршувањето на војната.

Речиси 30.000 Македонци од кои 28.000 деца, поради неподносливиот секојдневен и систематски терор (колежи, бомбардирања), секојдневното газење на македонското национално и човечко достоинство, беа принудени да бараат спас во источно-европските социјалистички земји (Албанија, Бугарија, Источна Германија, Југославија, Полска, Романија, Советскиот Сојуз, Унгарија и Чехословачка). Во сите овие земји, со несебично залагање на Црвениот крст, децата беа прифатени, згрижени и воспитани како свои сопствени деца.

Меѓутоа, се направи срамна и подла мобилизација на околу 1.200 македонски деца, на возраст од 14-15 години, од земјите каде побараа засолниште, а што ја извршија органите на Привремената демократска влада на Грција. Ги вратија децата-војници на боиштата да гинат, а со цел продолжување на Граѓанската војна. Тие станаа жртви и со тоа ништо не се постигна, а ваквата одлука остана како една голема дамка која со ништо не може да се оправда.

По 1956 год. мнозинството од децата се вратија во слободниот дел на Македонија, во Социјалистичка Република Македонија, а еден дел замина во прекуокеанските земји (Канада, Австралија и САД) кај своите родители и роднини.

Во почетокот на 80-тите години на XX век, грчката држава одлучи да ги „помилува“ некои од овие избеглици како резултат на Граѓанската војна, но под услов да се вратат само оние кои се „Грци по род“. Тоа значеше дека на оној што се чувствуваше Македонец не му беше дозволено да се врати ниту пак да го посети својот дом.

Некогашните избркани деца никогаш не го заборавија гостопримството и родителската љубов што им беше укажана од земјите во коишто беа прифатени, а и денес им ја изразуваат својата длабока благодарност на народите и владите на тие земји.

Ристо Стефов

EXPULSION OF THE MACEDONIAN CHILDREN FROM GREEK OCCUPIED MACEDONIA

The Macedonian people greatly contributed to the anti-fascist struggle (1941-1945) right from the start of the Greek-Italian War in 1940. After Greece's capitulation in 1941, the Macedonian people again participated en masse in the struggle against German fascism. Nearly 5,000 Macedonians fought in the liberation war as fighters, while another 20,000 participated in the liberation war as reservists.

While fighting in the antifascist struggle, the Macedonian people affirmed their national being and earned their place in this world. Being prohibited to speak their native Macedonian language under Greek control since 1913, free from the Greeks, the Macedonian people again found their courage and freedom to speak freely in their Macedonian language, open Macedonian cultural centres, publish Macedonian language newspapers, open Macedonian schools and learn to read and write in Macedonian.

Then after WWII ended and the Greek state again took control of Greek occupied Macedonia, they again brought back their restrictive rules and the Macedonian people not only lost what they had gained, but experienced medieval terror in the hands of subsequent Greek regimes. In addition to losing their freedom to speak Macedonian, they were also prohibited from calling themselves Macedonians and their country Macedonia.

In 1945 and 1946 alone, the Greeks committed 400 murders, raped 440 Macedonian women and girls, sent 8,145 Macedonians to Greek prisons, indicted 4,209 Macedonians, sentenced 3,215, interned 13,529 Macedonians in the prison camps on the Greek islands, and drove 13 Macedonians mad from torture. On top of that 1,291 houses were burned down, 80 villages were pillaged, 1,605 families were plundered, 45 villages were totally destroyed and 1,943 families were evicted from their homes.

To protect themselves from the terror, from the Greek government nationalistic policies, and from total extermination, the Macedonian

people in Greek occupied Macedonia began to flee to the mountains and organize themselves in an armed resistance movement. Several Macedonian organizations were formed and played an invaluable role in this.

In the period from 1946 to 1949, in what later became known as the "Greek Civil War", the Macedonian people massively participated and were the main bearers of that struggle in which nearly 20,000 Macedonians participated. The Macedonian people again earned their right to affirm their national, cultural and linguistic rights.

In the period from 1947 to 1948, the Macedonian people managed to open 87 schools in Greek occupied Macedonia with 10,000 students attending Macedonian classes. On top of that the Macedonian people began to publish Macedonian newspapers, open Macedonian language theatres, assemble Macedonian cultural and artistic groups and generally spread the Macedonian language through print, plays, songs, dances, etc.

But, as the war intensified and began to move north and concentrate in Greek occupied Macedonia, many parents were convinced to give up their children and send them north, outside of Greece's borders to be saved, with promises that they would be returned as soon as the war was over.

Nearly 30,000 Macedonians, of whom 28,000 were children, were convinced to leave to avoid the insufferable systematic daily terror, slaughter, bombardments and general trampling on Macedonian national and human dignity. These people were then forced to seek refuge in East European countries such as Albania, Bulgaria, East Germany, Yugoslavia, Poland, Romania, the Soviet Union, Hungary and Czechoslovakia. But, through its unselfish effort, the Red Cross in these countries took the children and found shelter for them where they were well looked after and educated.

Unfortunately as the war effort needed more recruits in this struggle, the rebel Greek side again found it comfortable to rely on Macedonian help, and this time shamelessly turned to recruiting child soldiers from the pool of Macedonian children who were sent outside the country to be saved. In its effort to continue the Greek Civil War, about 1,200 children, ages 14 to 15, were brought back and sent to the front line

to fight. But, pitted against battle-seasoned Greek government soldiers, they were all sacrificed for nothing. This was and forever will remain a black mark on the rebel architects of this war who will never be forgiven.

Unfortunately, after the Greek Civil War ended the rebel side, the side the Macedonians fought on was defeated and terror again became the rule of law in Greek occupied Macedonia. As a result, everything the Macedonian people had gained was lost.

What is most unfortunate about this is that all Macedonians, including the 28,000 children evicted to be saved, were not allowed to return back to their homes in Greek occupied Macedonia. After the war was over, the Greek government closed its borders and refused to allow anyone, especially the Macedonians, to return to their ancestral homes.

After 1956, the majority of Macedonian children who were exiled to the socialist countries migrated to the Socialist Republic of Macedonia, while some departed to overseas countries such as Canada, Australia, and the United States, to join their parents and relatives who had already migrated there.

Eventually, by the early 1980's, the Greek state decided to "repatriate" some of these refugees it had exiled during the Greek Civil War, but this repatriation had a condition attached to it. Only those who were "born Greeks" were allowed to return. This means that anyone who "felt" Macedonian was not allowed and would never be allowed to return, not even for a visit!

The former evicted children will never forget the hospitality and the paternal love extended to them in the host countries where they were sheltered. Today they would like to express their deep gratitude to the people of those countries and to the governments who extended their helping hand.

Risto Stefov

Душан РИСТЕВСКИ

СРЕДБА

(*Пред средбата на Децата бегалци во Скопје, 1988 год.*)

Имам сон
сон над соновите
о, мајките
со црни шамии разврзани,
децата -
каде и да се расфрлани
да дојдат во Скопје
не на црвен ден
ни на црн ден
туку на бел ден
- сончев ден.

Имам сон
децата
о, мајко
децата
од Торонто и Чикаго
од Мелбурн и Перт
од Малме и Минхен
од Вроцлав и Братислава
од Флорика и Ташкент
од Солун и Петрич
- во Скопје
покрај Вардар
да се прегрнеме
да ги испратиме желбите
во земјата Беломорска.

Песната е објавена во книгата „Страдалници на сонот“ (1992)

REUNION

(*Before the Refugee Children reunion in Skopje, 1988*)

I have a dream
a dream over dreams
oh, the mothers
wearing black head-kerchiefs,
the children -
wherever they are scattered
come to Skopje
not on a red day
not on a black day
but on a white day
- a sunny day.

I have a dream
the children
oh, mother dear
the children
from Toronto and Chicago
from Melbourne and Perth
from Malmo and Minhen
from Breslau and Bratislava
from Florika and Tashkent
from Solun and Petrich
- to Skopje
near the River Vardar
to hug
to send our best wishes
to Aegean Macedonia.

The poem was published in the book "Dream-Agony" (1992)

ЕГЕЈОТ ВО МЕНЕ

Раскоренети
голгота со немост
останаа приказните
за историјата и јунаците
за ужасите на избрканите
и стравот од враќање.

Средби
да не секне изворот
таженки
плаченки
страв
од бришенки.

Дабови лисја
ги покриваат раните
на сонувалките
на портите останаа сенките
на зацрнетите мајки
во рацете чекамки
за благослов
душата да се врати.

Песната е објавена во книгата „Украдени мисли“ (2011)

AEGEAN MACEDONIA IN ME

People uprooted
a numb, mute Golgotha
the stories tell
of history and heroes
the horrors of exile
and the fear of returning.

Refugee children gather
to keep the source flowing
laments
tears
fear
of oblivion.

Oak leaves
adorn
wounded dreams
the gates are still shadowed
by mothers mourning in black,
their hands alive with love and hope
- a blessing
that the soul of the land may return.

The poem was published in the book "Stolen Thoughts" (2011)

Душан Ристевски е роден во 1954 година во Битола, Македонија. Од 1973 година живее и работи во Сиднеј, Австралија.

Завршил Виша социјална школа во 1985 година, дипломирал на Факултетот по социологија во 1991 година на Curtin University, а магистрирал во 1996 година на Факултетот по социологија и хуманистика на University of Western Sydney. Работи како советник и терапевт во Министерството за ментално здравје во Сиднеј.

Душан е автор на стихозбирките: **Полутици** (1984), издадена двојазично на англиски и македонски јазик под наслов **Полутици-Фрагментс** (1989); **Страдалници на сонот** (1992); **Копча** (2001); **Цвеќе-Жена** (2003); **Украдени мисли** (2009) и **Забранета љубов** (2009). Монодрамите: **Мајка**, изведена во Сиднеј и во Прилеп на Театарските игри „Војдан Чернодрински“ (1990), **Ченто,** изведена во Сиднеј и Волонгонг (2015), **Неда**, изведена во Сиднеј (1996 и 2016), **Каменот од Роби** изведена во Сиднеј (2018). Драмите: **Страв и срам** (2008), **Мр Балкан** (ко-автор), (2009-2010), **Стари и весели** (2010), **Раскол** (2012), **Остави ја свеќата да гори** (2012), **Борење со мечка** (2013), **Ограда** (2014), **Доктор Жими Мајка** (2015), **Куферот** (2016), **Баба се мажи** (2016) и **Сонце мое** (2017), сите изведени од Австралиско-македонскиот театар од Сиднеј. Застапен е со поезија во повеќе антологии во Австралија, Македонија и САД.

Наградуван е повеќе пати. Драмата **Страв и срам** во 2007 год. беше наградена од Државната служба за здравство со посебна награда за иновација за просвета во здравството, додека Националниот центар за ментално здравје истата ја награди во 2009 година за промоција на менталното здравје. Со драмата **Ограда** се здоби со национална награда за култура во 2015 год. Владата на Нов Јужен Велс во 2015 год. го награди Душан со посебна државна награда за унапредување на драмската уметност. Во 2015 година се здоби со наградата „Александар Македонски“ за животно дело во театарската уметност. За книгата поезија **Забранета љубов** во 2010 година ја доби наградата „Иселеничка грамота“, а во 2011 година за книгата поезија **Украдени мисли** ја доби престижната награда „Стојан Христов“ на Струшките вечери на поезијата.

Душан е основоположник на Литературното друштво „Григор Прличев“ (1978), на Австралиско-македонскиот театар од Сиднеј (2007), член на Друштвото на писателите на Македонија, член на Друштвото на новинарите на Македонија и член на Македонското научно друштво од Битола.

Dushan Ristevski was born in 1954 in Bitola – Macedonia. He migrated to Sydney in 1973.

Having completed his Diploma in Welfare Work in 1985 and in 1991 Bachelor of Social Sciences in Curtin University, in 1996 he gained his Masters Degree in Counselling/psychotherapy in the University of Western Sydney. Since 1991 he has been working as a Counsellor for the St George Mental Health Service in Sydney.

Dushan is published author of the following books of poetry: **Polutic**i (1984) republished bilingually **Polutici** – **Fragments** (1989), **Dream-Agony** (1992), **Clasp** (2001), **Flower-Woman** (2003), **Stolen Thoughts** (2009), and **Forbidden Love** (2009) the drama **Fear and Shame** published in Macedonian (2006) and in English (2009). He is an author of the following stage productions performed in Australia and Macedonia by the Australian Macedonian Theatre of Sydney: monodramas: **Mother**, performed in Sydney and in Prilep (Macedonia) at the Vojdan Chernodrinski Theatre Festival in 1990,**Chento** performed in Sydney and Wollongong (2015), **Neda**, performed in Sydney in 1996 and 2016, **The Stone from Robi** performed in Sydney (2018); dramas: **Fear and Shame** (2008), **Mr Balkan**(co-author) (2009), **Old and Happy** (2010), **Raskol** (2011), **Leave the Candle Alight** (2012), **Wrestling the Bear** (2013), **The Fence** (2014), **Doctor Dodgy** (2015), **The Suitcase** (2016), **Grandma's Getting Married** (2016), **My Sunshine** (2017). He has also published poetry in various anthologies in Australia, Macedonia and the United States.

For the play **Fear and Shame** in 2007 he was awarded with the St George Hospital and Community Health Service Award of Excellence for Innovation in Health Education and also the National Centre of Mental Health (2009) awarded Dushan for promoting mental health. In 2015 he was awarded with the "Aleksandar the Great" Life achievement theatre award. The play **The Fence** in 2015 received the National marketing award for art and culture. In 2015 the State Government of NSW awarded Dushan for promoting art and culture. In 2010 his book of poetry **Forbidden love** was awarded with **Iselenichka Gramota** and in 2011 for the book **Stolen Thoughts** he received the prestigious award **Stojan Hristov** at the Struga International Poetry Festival

Dushan is a founding member of the Macedonian Literary Association of Australia “Grigor Prlichev” and Australian Macedonian Theatre of Sydney, member of the Writers’ Association of Macedonia, the Journalists’ Association of Macedonia and Macedonian Science Association of Bitola.

GEOGRAPHICAL AND ETHNICAL BORDER OF MACEDONIA

MACEDONIA – OCCUPIED BY SERBIA, BULGARIA, ALBANIA AND GREECE FOLLOWING THE PEACE TREATY OF BUCHAREST – 10.08.1913

ISBN 978 0 9876019 9 5